РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-94/3
Скопје, 16.09.2026 година

ЗАПИСНИК
од педесет и прва седница одржана на 16.09.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на педесет и првата седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Усвојување на записниците од 48-ма и 49-та седница на Советот
2. Донесување на одлука по приговорот за оценување на јавниот обвинител Оливера Нечаковска.
3. Донесување на Правилник за спроведување на интервју во постапките за избор и начин на презентација на јавните обвинители
4. Разгледување и оценување на Годишниот извештај на ЈОРСМ за 2025 година
5. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот

Под точка еден од дневниот ред едногласно беа усвоени записниците од 48 и 49-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека јавниот обвинител Оливера Нечаковска по втор пат доставила приговор за нејзиното оценување од страна на вишиот јавен обвинител и даде збор на Комисијата да го реферира приговорот, и каква одлука донела во врска со овој предмет.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова како член на Комисијата формирана од страна на Советот по однос на приговорот за вонредното оценување на јавниот обвинител Оливера Нечаковска која се има јавено на огласот за ВЈО Битола. Наведе дека на 17.07.2026 година, Советот на јавните обвинители на РСМ го има усвоено приговорот на јавниот обвинител Оливера Нечаковска со што предметот бил вратен на повторно оценување до ВЈО Битола. При повторното оценување од 08.08.2026 година ВЈО на ВЈО Битола повторно го има оценето јавниот обвинител Оливера Нечаковска, така што ја оценил со позитивна оценка, меѓутоа од максималните 25 бода има скратено по два критериума и тоа по критериум организациски способности способност за градење на углед и авторитет од максимални 6 бода добила 4,5 бода, а по критериумот организациски способности подобрување на односите од максимални 6 бода добила 5 бода. Незадоволна од ваквата одлука јавниот обвинител Оливера Нечаковска повторно поднела приговор на оценувањето, така што согласно член 53 ст.3 од Законот за Јавното обвинителство кога при повторно оценување повторно се доставува приговор, Советот на јавните обвинители донесува оценка, која оценка е конечна и не смее да биде понеповолна за јавниот обвинител од оценката која што ја дал ВЈО на ВЈО Битола. При разгледувањето на приговорот и писменото образложение кон оценката која што ја дал вишиот јавен обвинител, Комисијата оценила дека образложението е паушално и од истото не може да се утврди што всушност се состојат критериумите врз основа на кои се намалени бодовите на јавниот обвинител. Од тие причини Комисијата сметала дека треба да има коракција на оценката и да се доделат максимум бодови, а тоа се 25 бода. Од тие причини предлогот на Комисијата да биде усвоен како основан и да се оцени јавниот обвинител Оливера Нечаковска со максимални 25 бода.

Г-дин Ермон Незири се согласи со предлогот на Комисијата од причина што има две оценувања каде со второто оценување има максимални бодови и смета дека целата постапка е безпредметна, од причина што ист обвинител во краток период два пати ја има оценувано јавниот обвинител Оливера Нечаковска. Смета дека јавниот обвинител Оливера Нечаковска треба да го добие максимум предвидените 25 бода.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот на Комисијата дека приговорот е основан и дека јавниот обвинител Оливера Нечаковска треба да биде оценета со максимални 25 бода.

Предлогот на Комисијата едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека согласно новиот Закон за Советот на јавните обвинители на РСМ, Советот одлучил да се изготви и донесе Правилик за спроведување на интервју во постапките за избор и начин на презентација на јавните обвинители, каде кандидатите ќе се презентираат согласно чл.9 од Законот за Советот и овој Правилник ќе биде воедно за интервју и презентација. Отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ наведе дека Правиликот за спроведување на интервју во постапките за избор и начин на презентација на јавните обвинители претставува чекор напред во однос на транспарентноста на работењето на Советот притоа јавноста и сите заинтересирани ќе се уверат, односно ќе можат да ги слушнат јавните обвинители во постаоката на избор, нивното размислување така што целата постапка на изборот ќе биде потранспарентна. Истакна дека Правилникот е изготвен во соработка и со подршка на проектор Rule of Law, (ЕУ Владеење на правото).

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески смета дека овој Правилник преставува прогрес од два аспекта и тоа дека во самиот процес на избор има транспарентност која во голема мера ја гарантира постапката за избор на јавни обвинители. Од ова ќе може да се види по кои критериуми Советот ги донел одлуките, односно објективните критериуми ќе дојдат до израз, а од друга страна и самите кандидати ќе имаат можност да се претстават со своите програми и биографија што ја имаат позади себе, така што смета дека станува збор за сериозен напредок што ќе даде придонес за квалитетен избор на кандидатите.

Збор зема г-дин Ардиан Демири кажа дека досега немало ваков вид на Правилник во Советот. Наведе дека се оставало огромен простор во однос на кандидатите во поставување на прашања , заинтересираност околу кандидатите. Смета дека на овој начин процесот за избор се става во формална рамка, каде добро се систематизираат категориите кандидатите за кои функции се кандидираат. Воедно се заблагодари на помошта и соработката со проектот Rule of Law и смета дека со овој Правилник ќе се зголеми ефикасноста и транспарентноста на Советот и ќе се придонесе кон пообјективно оценување и избор на јавните обвинители.

Г-дин Ермон Незири истакна дека станува збор за подзаконски акти кои се дел од реформската агенда, во соработка со Владеењето на правото која е дел на ЕК и нивната помош приизготвувањето на Правилникот. Наведе дека Правиникот се сотои од две дела и тоа спроведување и начин на интервју и избор на шеф на ОЈО ГОКК. Кажа дека на секој кандидат се остава простор да се претстави , доколку има програма истата да ја презентира, а сето тоа би одело преку Советот. Смета дека ваков вид на Правилник недостасувал и сега е направен чекор каде јавноста ќе се запознае со кандидатите. Истакна дека ќе гласа за усвојување на Правилникот.

Откако никој друг не зема збор Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Правиликот за спроведување на интервју во постапките за избор и начин на презентација на јавните обвинители.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Правилик за спроведување на интервју во постапките за избор и начин на презентација на јавните обвинители.

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на ЈО на РСМ г-дин Ненад Савески.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа декс за периодот за кој се изготвувал Годишниот извештај не бил јавен обвинител ниту на оваа позиција на која што е сега, но учествувал во неговото изготвување со помош на колегите. Наведе дека Годишниот извештај веќе е доставен до Собранието на РСМ, дека во извештајот се прикажани сите податоци на кои се темелат и претходните извештаи, а тој е сублимат на извештаите добиени од страна на Вишите и Основните јавни обвинителства во РСМ, како и извештајот на ОЈО ГОКК-Скопје. Ги запозна членовите на Советот со бројката на сторители на кривични дела, со бројот на НН сторители, со бројот на решени кривични пријави, како и на број на

пријави кои се во работа. Исто така членовите на Советот беа запознаени со број на издадени казнени налози, број на склучени предлог спогодби во скратена постапка, со број на отфрлени пријави по чл.288 од ЗКП, број на пресуди донесени од страна на надлежните судови, број на притвори, како и за посебните истражни мерки. Кажа дека во случајот "ПУЛС" јавните обвинители постапувале стручно и ефикасно.

Наведе дека од предвидените 261 јавно обвинителски места во извештајната година функцијата јавен обвинител ја извршувале вкупно 194 јавни обвинители дека нема јавно обвинителство кое во целост е пополнето со јавни обвинители и стручен кадар. Исто така членовите на Советот ги запозна со статистичките и аналитичките податоци на ОЈО ГОКК и со бројот на предмети по кое постапувало ова јавно обвинителство во 2025 година. Кажа дека во извештајот се содржат и податоци за остварена меѓународна правна помош и меѓуинституционалната соработка за кадровската состојба, буџетот, материјалните средства како и за просторните услови на јавните обвинителства во РСМ, транспарентоста во работењето и со соработката, со граѓанскиот сектор. Како негативост во работењето посочи на поразителната бројка на предлог спогодбите која искажана во проценти изнесува некаде 0,4%. Исто така членовите на Советот беа запознаени со постапувањата и работата на ВЈО во РСМ, како и со работата на јавните обвинители и постапувањето по предмети во ЈОРСМ. Заклучи дека врз основа на изложеното, Јавното обвинителство и покрај намалениот број на јавни обвинители постигнало успешни резултати. Како проблем останува недоволното финансирање на обвинителството како и непополнувањето на јавнообвинителски кадар и недостиг на јавнообвинителската служба.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески на излагањето на Годишниот извештај по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека во самиот извештај биле детектирани сите слабости со кои се соочуваат јавните обвинителства во РСМ. Воедно кажа дека Јавниот обвинител на РСМ присуствувал на седниците каде биле усвојувани Годишните извештаи на Вишите јавни обвинителства во РСМ, каде од страна на Советот биле укажани сите забележки за кои Советот сметал дека треба да се подобрат. Смета дека овој извештај ги содржи сите сублимирани податоци и дека ќе гласа за усвојување на Годишниот извештај.

Г-дин Ермон Незири наведе дека го радува фактот каде што Јавниот обвинител на РСМ кажа дека треба да се работи интензивно на институтот спогодба , што воедно е суштина на ЗКП. Кажа дека од негова страна има целосна подршка за тој институт да заживее. Во делот на финансиските истраги исто така смета дека треба да има подобрување на откривање на овој вид на криминал. Го подржува извештајот и ќе гласа за негово усвојување.

Г-дин Ардиан Демири му се заблагодари на Јавниот обвинител на РСМ г—дин Ненад Савески за излагање на извештајот, кажа дека истиот ќе го подржи. Извештајот преставува статистички податоци и сублимат на останатите Годишни извештаи на ВЈО. Во делот на спогодбите кажа дека е проблем со кој се соочуваат сите јавни обвинителства и не ги исполнува очекуваните резултати. Воедно се надева дека во наредната извештајна година ќе има подобри резултати во поглед на институтот спогодба.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека позитивно го оценува Годишниот извештај, дека како Претседател ќе се залага за институтот спогодба да заживее со што би се намалиле и трошоците во кривичните постапки.

Откако никој не зема збор Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештајот за работата на Јавното обвинителство на РСМ за 2025 година. Едногласно со десет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај за работата од Јавното обвинителство на РСМ за 2025 година

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 24 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на јавните обвинителства на Република Северна Македонија изготвен од Јавното обвинителство на РСМ.

Под точка разно од дневниот ред г-ѓа Зорица Павловиќ ги запозна членовите на Советот со содржината на претставката која била доставена до Советот од страна на оштетен во врска со постапувањето на јавен обвинител во ОЈО Охрид. Кажа дека Советот писмено се обратило до ВЈО Битола од каде што бил добиен одговор по разгледувањето на кривично-правниот предмет било утврдено дека јавниот обвинител постапил незаконито. Смета дека предметот треба да се достави до ВЈО Битола како надлежен орган за евентуално поведување на дисциплинска постапка против јавниот обвинител.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими се согласи предметот да се достави до ВЈО Битола на понатамошно постапување

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи педесет и првата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Башким Бесими